РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MACEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Скопје - Shkup
Примено: 16. 10. 2024

| Орг. един. Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera |
|---|---|---|---|
| 09 | 792/1 | | |


# Извештај за работата на Одборот за евалуација на високото образование за периодот 02.04.2024 – 30.06.2024

## 1. Правна рамка

- Одборот за евалуација (ОЕ) врз основа на Законот за високото образование (Службен Весник бр.82. од 08.05.2018), Деловникот за работа на Одборот за евалуација и Извештајот на комисиите за евалуација на високообразовните установи, ја следи дејноста на високообразовните установи на кои им е дадена акредитација и решение за почеток со работа.
- Го следи и оценува квалитетот на вршењето на високообразовната дејност, научноистражувачката, уметничката и стручната работа на академскиот кадар на високообразовните установи, а посебно на нивните студиски програми најмалку на секои пет години и врз основа на тоа му предлага на Одборот за акредитација да ја продолжи или одземе акредитацијата.
- Предлага Правилник за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација до Националниот совет за високо образование.
- Дава препораки потребни за подобрување на нормативите и стандардите за вршење на високообразовна дејност.
- Врши и други работи согласно Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација.
- Врши и други работи утврдени со Закон.
- Одборот за евалуација на секои шест месеци доставува извештај за својата работа до министерството надлежно за работите на високото образование и до Националниот совет. Образецот за извештајот го пропишува министерот надлежен за работите на високото образование. Извештајот задолжително се објавува на веб страната на Агенцијата за квалитет и на веб страната на министерството надлежно за работите на високото образование.

## 2. Состав на Одборот за евалуација

**Шест членови од редот на професорите во работен однос на универзитетите во Република Северна Македонија избрани со тајно гласање од Интеруниверзитетската конференција:**

проф. д-р Димитар Ташковски, проф. д-р Мила Арапчевска, Проф. д-р Ебрар Ибраими, проф. д-р Срѓан Миќиќ, проф. д-р Душко Мукаетов

**НАПОМЕНА:** До крајот на овој извештаен период, Одборот за евалуација сè уште не е официјално информиран за изборот на шестиот член од страна на Интеруниверзитетската конференција.

**Шест члена именувани од Владата на Република Северна Македонија, од редот на професорите во работен однос на јавните универзитети во Република Северна Македонија:**

проф. д-р Боро Џонов, проф. д-р Татјана Стојановска Иванова, Проф. д-р Ирина Јолдеска, проф. д-р Христина Спасевска, проф. д-р Ведије Раткоцери, проф. д-р Сузана Алиу

**Еден член именуван од најрепрезентативната организација на работодавачи:**

Светлана Ристовска Антиќ (Организација на работодавачи во Македонија).

**Еден член именуван од Македонската академија на науките и уметностите:**

Академик Владо Камбовски.

**Еден член избран од редот на студентите избран од Интеруниверзитетска конференција:**

Филип Ристески

3. Надворешни стручни лица вклучени во постапките за евалуација

Во периодот опфатен со Извештајот, во работата на комисиите, работните групи и другите работни тела на Одборот за евалуација не беа вклучени надворешни стручни лица.

4. Краток преглед за општата оценка за периодот 02/04/2024-30/06/2024

Во првите три месеци по конституирање на ОЕ, активностите на неговите членови беа насочени кон запознавање со работата на ОЕ, проучување на релевантната регулатива и планирање на следните чекори за започнување на процесот на надворешна евалуација на ВОУ во Република Северна Македонија.

Членовите на ОЕ констатираа дека Агенцијата за квалитет на високото образование (АКВО) располага со недоволно технички и човечки капацитет за успешна реализација на процесот на надворешна евалуација. Во целата Агенција се вработени само четири лица, што е значително помалку од потребното за обезбедување техничка поддршка на процесите за акредитација и евалуација. За споредба, Агенцијата за квалитет во Косово има 40 вработени, а во Хрватска 70. Членовите на ОЕ сметаат дека ваквата состојба со кадровските ресурси може негативно да влијае на процесот на надворешна евалуација, како и на целиот систем за обезбедување квалитет во високото образование во РС Македонија.

Членовите на ОЕ не добија речиси никакви материјали од работата на претходниот состав на ОЕ. Достапноста на материјалите главно беше обезбедена преку веб-страницата на АКВО (последни податоци ажурирани декември 2023) и лични контакти со претходните членови на ОЕ. Како резултат на тоа, на пример ОЕ нема информации за извршените обуки од страна на странските експерти, не располага со упатството за процесот на надворешна евалуација, соодветни изјави, договори за ангажирање на странски експерти и слично. Дополнително, поради нефункционирањето на веб-страницата на АКВО, конкурсите за ангажирање на странски експерти и студенти за формирање стручни комисии за 2024 година сѐ уште не се објавени.

Во однос на регулативата, ОЕ идентификува неколку одредби во Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација кои можат да го забават процесот на евалуација (види точка 6). Дополнително, се констатираа и несоодветни цени во Одлуката за видот и висината на надоместоците за трошоците во постапката на евалуација врз основа на реално направени трошоци, како и надоместоците на членовите на одборот за евалуација на високото образование врз основа на присуство на седница и обем на извршена работа. Оваа одлука е донесена од Владата на РС Македонија, но ОЕ смета дека истата не ги покрива доволно реалните трошоци за спроведување на надворешната евалуација на високообразовните установи.

По завршувањето на првите надворешни евалуации, ОЕ ќе поднесе предлози за измена на Правилникот и Одлуката.

Членовите на Одборот за евалуација ги разгледаа сите предуслови за започнување на процесот на надворешна евалуација на високообразовните установи (ВОУ) и нивните студиски програми. На одржаните седници беше заклучено дека предусловите за започнување на процесот сѐ уште не се целосно исполнети, но членовите изразија увереност дека процесот на евалуација на ВОУ мора конечно да започне. Одборот е посветен на вложување на сите свои капацитети за надминување на предизвиците со кои се соочуваат АКВО и Одборот за евалуација, за успешна реализација на процесот.

5. Краток преглед за наредниот период 01/07/2024- 31/12/2024

Главните активности во наредниот период ќе бидат насочени кон отпочнување на процесот на надворешна евалуација. Во таа насока, се планираат следниве чекори:

- Донесување на Годишен план за спроведување на надворешна евалуација на високообразовни установи во РС Македонија за периодот септември 2024 – август 2025.
- Формирање на стручни комисии за спроведување на надворешна евалуација на шест високообразовни установи во РС Македонија.
- Спроведување на обука за членовите на ОЕ и странските експерти со цел запознавање со системот на високото образование во РС Македонија, постапката и методологијата за надворешна евалуација, стандардите за квалитет во високото образование, релевантните обрасци за спроведување на постапката, како и други релевантни аспекти на надворешната евалуација.
- Подготовка на упатство за спроведување на процесот на надворешна евалуација, за сите чинители во процесот.
- Известување и посети на единиците кои ќе бидат предмет на надворешна евалуација, со цел да се подготват за претстојниот процес.
- Разгледување и евалуација на доставените материјали од страна на стручните комисии при Одборот за евалуација.
- Во почетокот на 2025 година, се планираат посети на високообразовните установи од страна на стручните комисии.
- Подготвување извештаи и давање оценка за извршената надворешна евалуација од страна на стручните комисии, како и поднесување на извештаите на усвојување од страна на Одборот за евалуација на високото образование.
- Анализа на процесот и донесување препораки за негово подобрување, доколку се утврди потреба.
- Повторување на процесот со формирање нови стручни комисии на крајот на првиот и вториот квартал од 2025 година.
- Континуирана соработка со релевантните чинители кои придонесуваат за подобрување на квалитетот на високото образование.

Членовите на Одборот за евалуација се надеваат дека во престојниот период Агенцијата за квалитет на високото образование ќе се доекипира со соодветен кадар и ќе може да обезбеди сериозна техничка поддршка за процесот на надворешна евалуација на високообразовните установи и нивните студиски програми.

Особено е важно што побрзо да се пушти во употреба новата веб-страница на АКВО, со цел да се објави јавниот повик за избор на странски експерти за спроведување на надворешна евалуација на високообразовни установи и студиски програми во РС Македонија за 2024 година, како и јавниот повик за избор на студенти кои ќе учествуваат во овој процес. Овие активности се клучни за зголемување на бројот на странски експерти кои ќе бидат членови на стручните комисии, што ќе придонесе за успешно спроведување на планираните евалуации.

6. Организација на работата

Организацијата на работата на Одборот за евалуација е подетално регулирана со Деловникот за работа, кој го донесе претходниот состав на Одборот.

Во изминатиот тримесечен период, Одборот за евалуација одржа вкупно шест редовни седници, како и неколку дополнителни седници на комисии и работни групи, формирани според потребите. Тековните активности на Одборот за евалуација се прикажани хронолошки во продолжение, согласно дневниот ред на одржаните седници во периодот

од 1 април до 30 јуни 2024 година.

Конститутивната седница на Одборот за евалуација се одржа на 02.04.2024 година, со присуство на сите новоименувани членови. На седницата, со тајно гласање, за претседател на Одборот беше избран проф. д-р Димитар Ташковски, а за потпретседател проф. д-р Ведије Раткоцери.

**2 седница**. Согласно член 17 од Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација, членовите на Одборот за евалуација се должни да поминат обука пред започнување на процесот на евалуација. Бидејќи организирањето на обуката е обврска на АКВО, Одборот официјално побара од АКВО да ја организира потребната обука за своите членови.

На истата седница, Одборот донесе одлука за распишување конкурс за избор на странски експерти за спроведување на надворешната евалуација за 2024 година.

**3 седница.** Членовите на ОЕ го разгледаа и дискутираа Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација, и констатираа дека одредени одредби можат негативно да влијаат врз процесот на надворешна евалуација. На пример, во актуелниот состав на Одборот не е возможно да се формира комисија за евалуација на високообразовни установи од техничко-технолошкото подрачје, бидејќи претседателот на Одборот не може да биде член на комисија за евалуација. Дополнително, претседателите на комисиите ќе бидат само членовите на ОЕ од општествените и хуманистичките науки, поради тоа што странските експерти се претежно од овие области. Членовите исто така забележаа дека бројот на странски експерти во стручните комисии можеби е преголем (дефинирано во ЗВО), а критериумите за избор на странски експерти можеби се строги, што може да ја усложни реализацијата на процесот.

Членовите на ОЕ се согласија дека процесот на надворешна евалуација ќе започне согласно со овој Правилник, но и дека е неопходно да се информира Националниот совет за високо образование за да се разгледаат можностите за измена на Правилникот.

Во текот на дискусијата, особено беше истакната некомплетноста со кадар на АКВО за поддршка на процесот. Заклучено е да се апелира до АКВО и Министерството за образование и наука, за вработување на координатори за секое научно-истражувачко подрачје, како што е наведено во член 20 од Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација. Овие координатори се од клучно значење за успешното спроведување на процесот на надворешна евалуација.

На истата седница, беше формирана работна група за подготовка на годишниот план за надворешна евалуација на високообразовните установи во Република Северна Македонија.

**4 седница.** ОЕ донесе одлука за распишување на конкурс за избор на студенти кои ќе учествуваат во спроведувањето на надворешната евалуација на високообразовните установи и студиските програми во Република Северна Македонија.

На истата седница се разгледуваше Одлуката за видот и висината на надоместоците за трошоците во постапката на евалуација врз основа на реално направени трошоци, како и надоместоците за членовите на Одборот за евалуација на високото образование, кои се определуваат според присуството на седници и обем на извршената работа.

Беше утврдено дека средствата кои треба да ги уплатат високообразовните установи за спроведување на надворешната евалуација можеби не се соодветно предвидени. Во зависност од студиските програми и бројот на студенти на високообразовните установи, постои можност овие средства да не ги покријат целосно трошоците за стручните комисии, што би можело негативно да влијае на квалитетот на постапката за надворешна евалуација. Членовите на ОЕ побараа од директорот на АКВО да обезбеди дополнителни средства од сопствената сметка на АКВО за да се осигура успешна реализација на процесот. Директорот, кој беше присутен на седницата, ја поддржа оваа иницијатива.

ОЕ е на мислење дека во иднина ќе биде потребно да се направи корекција на Одлуката

за да се избегнат финансиски ограничувања кои би можеле да го попречат процесот на надворешна евалуација.

**5 седница:** 2. ОЕ ја разгледа листата на странски експерти избрани од Одборот за евалуација по спроведените конкурси во 2022 и 2023. На листата има 29 експерти, главно од подрачјата на општествените и хуманистичките науки. Одборот заклучи дека процесот на евалуација на високообразовните установи од овие подрачја може да започне по донесување на годишниот план за надворешна евалуација на високообразовните установи во РС Македонија.

Одборот за евалуација побара од Агенцијата за квалитет во високото образование да ги објави огласите за избор на странски експерти и студенти за 2024 година, согласно со одлуките донесени на претходните седници на ОЕ.

**6 седница:** Претседателот на Одборот за евалуација информираше за одржаниот состанок со ректорката и проректорката за настава на УКИМ, директорот на АКВО, претседателот на Одборот за акредитација и претседателот на Националниот совет за високо образование. На состанокот, претставниците разменија информации за тековните активности на телата кои ги претставуваат и дискутираа за предизвиците со кои се соочуваат. Договорено е вакви состаноци да продолжат и во иднина за унапредување на соработката и решавање на идните предизвици.

Претседателот на Одборот за евалуација информира дека, заедно со потпретседателката на Одборот, одржале состанок со директорот на АКВО, претседателот и потпретседателот на Одборот за акредитација, како и со претседателот и потпретседателот на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност. На состанокот, претседателот ги презентирал предложените измени на Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација, кои биле дискутирани на претходните седници на Одборот.

Тој истакнал дека од септември ќе започне процесот на надворешна евалуација, при што е обезбедена поддршка од Националниот совет и АКВО. Притоа било нагласено дека за успешен почеток на процесот, неопходно е обезбедување на соодветна техничка поддршка од страна на АКВО, како и дополнителни финансиски средства за непречено спроведување на евалуацијата.

7. Преглед на финансиското работење

Финансиското работење на ОЕ е регулирано со Одлуката за видот и висината на надоместоците за трошоците во постапката на евалуација врз основа на реално направени трошоци, како и надоместоците на членовите на одборот за евалуација на високото образование врз основа на присуство на седница и обем на извршена работа. Оваа одлука е донесена од Владата на Република Северна Македонија и е објавена во Службен весник на РСМ, бр. 269/21 од 03.12.2021 година.

Ставот на ОЕ е дека оваа Одлука треба да претрпи измени, бидејќи проектираните суми кои високообразовните установи треба да ги уплатат за спроведување на надворешната евалуација не се доволни за да ги покријат реалните трошоци на стручните комисии.

Во овој извештаен период, финансиското работење на Одборот се однесува исклучиво на исплатата на редовните месечни надоместоци за членовите. За шесте одржани седници во извештајниот период, вкупниот износ што треба да се исплати на членовите на ОЕ изнесува 219.000 денари.

8. Разгледувани и усвоени прописи

На седниците на Одборот за евалуација беа разгледани и анализирани следните прописи:

- Деловникот за работа на Одборот за евалуација.
- Правилник за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација, доставен до Националниот совет за донесување.

- Одлуката за видот и висината на надоместоците за трошоците во постапката на евалуација врз основа на реално направени трошоци, како и надоместоците на членовите на одборот за евалуација на високото образование врз основа на присуство на седница и обем на извршена работа (Службен весник на РСМ, бр. 269/21 од 03.12.2021 година).
- Законот за високото образование (Службен Весник на РСМ, бр.82/2018).
- Уредба за нормативи и стандарди за основање на високообразовните установи и за вршење на високообразовната дејност.

Од страна на Одборот беа донесени следните одлуки

- Распишување на јавен повик за странски експерти за спроведување на надворешна евалуација и образец за пријавување.
- Распишување за јавен повик за студенти за спроведување на надворешна евалуација и образец за пријавување.

9. Тековна состојба за усогласеноста на постапките со ESG2015

Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација, кој на предлог на Одборот за евалуација го донесе Националниот совет е целосно усогласен со Стандардите и насоките за обезбедување на квалитет во Европскиот простор на високо образование (*Standards and Guidelines for Quality Assurance in the European Higher Education Area* или ESG, 2015). Овој правен акт е основа за вршење на надворешна и внатрешна евалуација на високообразовните установи во РС Македонија, во кој поблиску се опишани стандардите и насоките за спроведување на евалуацијата.

10. Систем за обезбедување на квалитет

10.1 Внатрешен систем за обезбедување на квалитет и интегритет

Согласно член 21 од Деловникот за работа, Одборот за евалуација на високото образование врши самоевалуација на својата работа на секои две години. Следствено, самоевалуација на работата на ОЕ ќе се спроведе во почетокот на 2026 година

10.2 Надворешна проверка на работата

Процесот на надворешна проверка на работата на Одборот за евалуација, додека не се предвиди поинаку, се врши на овој начин со изготвување на полугодишни извештаи за работата на Одборот, кои се доставуваат до министерството надлежно за работите на високото образование и до Националниот совет. РСМ сеуште е придружна членка на ENQA, а со полноправното учество на нашата држава во оваа европска асоцијација, обврската за надворешна проверка на работата на Одборот, ќе се реализира согласно европските стандарди и регулативи.

11. Предлози до Одборот за акредитација на високото образование за продолжување на акредитации на студиски програми

Одборот за евалуација, во извештајниот период, нема извршено надворешна евалуација на ВОУ и студиски програми. Оттука, Одборот за евалуација нема доставено предлози за продолжување на акредитации на студиски програми до Одборот за акредитација во овој извештаен период.

12. Предлози до Одборот за акредитација на високото образование за одземање на акредитации на студиски програми

Одборот за евалуација во овој извештаен период нема доставено предлози за одземање на акредитации на студиски програми до Одборот за акредитација, од причина наведена во точка 11.

13. Оценка за квалитетот на вршењето на високообразовната дејност

| |
|---|
| Одборот за евалуација во овој извештаен период нема дадено оценка за квалитетот на вршењето на високообразовната дејност на ВОУ во Република Северна Македонија, од причина наведена во точка 11. |
| 14. Оценка за квалитетот на уметничката и стручната работа |
| Одборот за евалуација нема дадено оценка за квалитетот на изведувањето на уметничката и стручната работа на кадарот на ВОУ во овој извештаен период, од причина наведена во точка 11. |
| 15. Оценка за релеватноста и квалитетот на научните истражувања |
| Одборот за евалуација нема дадено оценка за релевантноста и квалитетот на научните истражувања во овој извештаен период, од причина наведена во точка 11. |
| 16. Оценка на квалитетот и релевантноста на докторските, магистерските и специјалистичките трудови |
| Одборот за евалуација нема дадено оценка за квалитетот и релевантноста на докторските, магистерските и специјалистичките трудови на високообразовните установи, од причина наведена во точка 11. |
| 17. Оценка за квалитетот на резултатите од учењето и нивното исполнување според структурата и активностите на студиската програма |
| Одборот за евалуација нема дадено оценка за квалитетот на резултатите од учењето и нивното исполнување според структурата и активностите на студиската програма. Причините се наведени во континуитет, во погоре наведените точки. |
| 18. Оценка за системите и постапките за самоевалуација и релеватноста на студентските анкети |
| Заради неможноста да се формираат стручните комисии, не се разгледувани и анализирани постапките за самоевалуација и студентските анкети. |
| 19. Дадени препораки за подобрување на нормативите и стандардите за вршење на високообразовната дејност или дадени други препораки поврзани со делокругот на работа |
| Стручните комисии сеуште не се формирани со што не се создадени услови да се дадат конкретни препораки по извршена евалуација. |
| 20. Оценка за наодите за оценувањата, нивната примена и релевантност, за постигнувањето на резултатите од учењето на студентите кои ги применуваат високообразовните или научните установи |
| Одборот за евалуација не пристапи кон оценувања на постигањата на резултатите од учењето на студентите заради неможноста да се исполнат условите предвидени во Законот за високото образование. |
| 21. Разгледувани жалби и постапките по нив |
| Во Одборот за евалуација во изминатиот период не се водени постапки по жалби. |

| |
|---|
| 22. Обуки за членовите на Одборот |
| На својата втора седница, Одборот за евалуација донесе одлука за спроведување на основна обука за членовите на Одборот, која треба да биде организирана и финансирана од страна на Агенцијата за квалитет во високото образование.<br><br>Одборот за евалуација не располага со сопствени финансиски средства за планирање на дополнителни обуки за своите членови. |

| |
|---|
| 23. Обуки за надворешни стручни лица вклучени во постапките за евалуација |
| Во овој период не се реализирани обуки за надворешни стручни лица вклучени во постапките за евалуација на системот за обезбедување на квалитет. |
| 24. Учества на конференции/состаноци |
| / |
| 25. Посети на делегации |
| / |
| 26. Остварена соработка |
| Во извештајниот период, претседателот и потпретседателот на Одборот за евалуација реализираа работен состанок со претседателот на Националниот совет, со претседателот и потпретседателот на Одборот за акредитација, како и со директорот на АКВО. |
| 27. Издавачка дејност |
| / |
| 28. Состојба со мрежната страница на Одборот |
| Службата на АКВО е одговорна за одржување на мрежната страница http://www.akvo.mk. Во извештајниот период истата не функционираше, поради што не беше во можност да се објават конкурсите за ангажирање на странски експерти и за студенти за 2024. |
| 29. Разгледувани документи и тематски анализи |
| / |
| |
| Претседател на Одборот за евалуација |
| |
| Скопје 14.10.2024 Проф. д-р Димитар Ташковски |
| |